# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Вторник, 16 мај 1989

БЕЛГРАД

БРОЈ 30 ГОД. XLV

Цена на овој број е 1.500 динари. – Аконтација на претплатата за 1989 година изнесува 77.300 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**426.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ МЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НАРОДНА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Се прогласува Законот за условите и начинот на обезбедување дел од средствата за вршење на железничкиот товарен сообраќај меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Народна Социјалистичка Република Албанија, за 1989 година што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година.

П бр. 959
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Раиф Дизаревиќ** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

### ЗАКОН

### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ МЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НАРОДНА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се утврдуваат условите и начинот на обезбедување дел од средствата за покритие на дел од трошоците на Железничко-транспортната организација Титоград, што настануваат во вршењето на железничкиот товарен сообраќај на пругата Титоград – Божај како и условите и начинот на користењето на тие средства.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон се обезбедуваат за покритие на разликата помеѓу вкупно реализираните приходи и вкупните расходи, која настанува во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај.

Член 3

Средствата од член 1 на овој закон се обезбедуваат од изворните приходи на федерацијата и се уплатуваат на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските кај надлежната служба на општественото книговодство, под назив: Средства за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај.

Член 4

Годишниот износ на средствата за намената утврдена во член 1 на овој закон ја утврдува Собранието на СФРЈ со сојузниот закон со кој се утврдуваат приходите на федерацијата што се отстапуваат за потребите на стопанството.

Заради утврдување на височината на вкупните средства од став 1 на овој член, Железничко-транспортната организација Титоград е должна да му достави на сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските претсметка на средствата за 1989 година за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај.

Член 5

Железничко-транспортната организација Титоград е должна по истекот на тримесечјето да му поднесе на сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските барање со периодична пресметка, а по истекот на годината – барање со годишна пресметка во кое ги искажува, врз основа на Методологијата за утврдување на рентабилноста на железничките пруги на југословенските железници, вкупните приходи и вкупните расходи настанати во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај, заради остварување на своите права од член 1 на овој закон.

Член 6

Врз основа на поднесеното барање со периодичната односно со годишната пресметка на Железничко-транспортната организација Титоград, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските по истекот на тримесечјето односно на годината ги прегледува и ги верификува поднесените пресметки и, по утврдениот износ на средствата, врши уплата на тие средства на Железничко-транспортната организација Титоград за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај.

Член 7

Конечна пресметка на средствата за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај на Железничко-транспортната организација Титоград во 1989 година се врши врз основа на годишната пресметка, а конечна исплата на средствата по прегледот и верификацијата на годишната пресметка на таа организација од страна на надлежниот сојузен орган за работи на сообраќајот и врските.

Доколку врз основа на член 4 став 1 од овој закон се обезбедат повеќе средства од износот на средствата утврден за покритие на дел од трошоците на Железничко-транспортната организација Титоград настанати во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај, тие средства ќе се пренесат во Буџетот на федерацијата.

Доколку врз основа на став 1 од овој член се утврди дека делот од средствата за покритие на трошоците на Железничко-транспортната организација Титоград настанати во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај е поголем од делот на средствата обезбедени за оваа намена во 1989 година од член 4 став 1 на овој закон, разликата на средствата односно средствата што недостигаат според годишната пресметка за 1989 година ќе се обезбедат во 1990 година во сојузниот закон со кој се утврдуваат приходите на федерацијата што се отстапуваат за потребите на стопанството.

Член 8

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските е должен да му поднесе на Собранието на СФРЈ извештај за користењето на средствата за покритие на дел од трошоците на Железничко-транспортната организација Титоград настанати во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај со годишна пресметка до крајот на мај тековната година за претходната година, на усвојување.

Член 9

Наредбодавец за користење на средствата за покритие на дел од трошоците на Железничко-транспортната организација Титоград во вршењето сообраќај на пругата Титоград – Божај е функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Стручните, административните и другите работи во врска со користењето на средствата за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај ги врши сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Трошоците на платниот промет и другите трошоци настанати во врска со користењето на средствата за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај паѓаат врз товар на средствата за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај.

Член 10

Надзор над користењето на средствата за покритие на дел од трошоците на пругата Титоград – Божај врши со-

јузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Член 11

Со парична казна од 3,000.000 до 30,000.000 динари ќе се казни за стопански престап Железничко-транспортната организација Титоград ако кон своето барање за покритие на дел од трошоците поднесе неточно составена периодична пресметка односно годишна пресметка за пругата Титоград – Божај или ако периодична пресметка односно годишна пресметка не состави врз основа на Методологијата за утврдување на рентабилноста на железничките пруги на југословенските железници.

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 200.000 до 2,000.000 динари и одговорното лице во Железничко-транспортната организација Титоград.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**427.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДВИЖЕЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за движењето и престојот на странците, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година.

П бр. 970
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Раиф Дизаревиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДВИЖЕЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ

Член 1

Во Законот за движењето и престојот на странците („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80 и 53/85) во член 18 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, Сојузниот извршен совет може да одлучи државјаните на странски држави кои не бараат визи за доаѓање на државјани на СФРЈ во нивната земја односно за минување преку нивната територија да можат да доаѓаат во Југославија или да заминуваат од неа односно да минуваат преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија без југословенска виза.".

Досегашните ст. 2, 3 и 4 стануваат ст. 3, 4 и 5.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**428.**

Врз основа на член 322 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Се објавува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:

– од Социјалистичка Република Словенија, д-р Јанез Дрновшек;

– од Социјалистичка Република Србија, д-р Борисав Јовиќ;

– од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, д-р Драгутин Зеленовиќ;

– од Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Риза Сапунџиу;

– од Социјалистичка Република Хрватска, д-р Стипе Шувар; и

– од Социјалистичка Република Црна Гора, Ненад Букин.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 701
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Абаз Казази**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор, **Степан Новаковиќ**, с. р. |

**429.**

Врз основа на член 288 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира д-р Слободан Глигориевиќ, делегат во Сојузниот собор.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 718
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Абаз Казази**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор, **Степан Новаковиќ**, с. р. |

**430.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 и на член 309 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА БРОЈОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија има еден потпретседател.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 719/1
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Абаз Казази**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор, **Степан Новаковиќ**, с. р. |

**431.**

Врз основа на член 288 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Суада Муминагиќ, делегат во Соборот на републиките и покраините.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 719
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

**432.**

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Богдана Глумац-Леваков, делегат во Сојузниот собор.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 720
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

**433.**

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федератвна Република Југославија се избира Лазо Тесла, делегат во Сојузниот собор.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 721
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

**434.**

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 287 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира д-р Миран Мејак, делегат во Соборот на републиките и покраините.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 722
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

**435.**

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 287 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА ЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Соброт на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Сава Веселинов, делегат во Соборот на републиките и покраините.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 723
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

**436.**

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Уставниот суд на Југославија се избира Душан Штрбац, судија на Уставниот суд на Југославија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 712
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

**437.**

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 18 ст. 1 и 2 од Законот за Сојузното јавно обвинителство, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 20 април 1989 година и на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СОЈУЗЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

За сојузен јавен обвинител се именува Љубомир Прлета, сојузен советник на Сојузниот извршен совет за прашања на општествено-политичкиот и правниот систем.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 698
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

## 438.

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 18 ст. 1 и 2 од Законот за сојузното јавно обвинителство, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 20 април 1989 година и на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ НА СОЈУЗНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

За заменици на сојузниот јавен обвинител се именуваат:

1. д-р Шпиро Вуковиќ, заменик на републичкиот јавен обвинител на СР Србија и
2. Зијак Загорчиќ, заменик на јавниот обвинител на САП Војводина.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 699
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

## 439.

Врз основа на член 281 сав 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со точка 2 од Одлуката за бројот на членовите на Советот на општествениот систем на информирањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 март 1989 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОВЕТОТ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ НА ИНФОРМИРАЊЕТО НА СФРЈ

1. Се разрешува од должноста делегат на Собранието на СФРЈ во Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ Предраг Петровски, делегат во Соборот на републиките и покраините.

2. За делегат на Собранието на СФРЈ во Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ се избира Крсте Нелковски, делегат во Соборот на републиките и покраините.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 674
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Абаз Казази,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

## 440.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 54 од Законот за основите на системот на стоковните резерви и за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Се одобрува Финансискиот план на Сојузната дирекција за стоковни резерви за 1989 година што го донесе Советот на Сојузната дирекција за стоковни резерви, на седницата одржана на 27 февруари 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 717
15 мај 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Поповски,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Степан Новаковиќ,** с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 426. | Закон за условите и начинот на обезбедување дел од средствата за вршење на железничкиот товарен сообраќај меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Народна Социјалистичка Република Албанија за 1989 година | 777 |
| 427. | Закон за дополнение на Законот за движењето и престојот на странците | 778 |
| 428. | Одлука за прогласување и објавување на составот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 778 |
| 429. | Одлука за избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 778 |
| 430. | Одлука за бројот на претседателите на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 778 |
| 431. | Одлука за избор на потпретседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 778 |
| 432. | Одлука за избор на претседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 779 |
| 433. | Одлука за избор на потпретседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 779 |
| 434. | Одлука за избор на претседател на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 779 |
| 435. | Одлука за избор на потпретседател на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | 779 |
| 436. | Одлука за избор на претседател на Уставниот суд на Југославија | 779 |
| 437. | Одлука за именување на сојузен јавен обвинител | 779 |
| 438. | Одлука за именување на заменици на сојузен јавен обвинител | 780 |
| 439. | Одлука за разрешување и избор на делегат на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ | 780 |
| 440. | Одлука за одобрување на финансискиот план на Сојузната дирекција за стоковни резерви за 1989 година | 780 |


Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВОИСЛАВ СОЛДАТОВИЌ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка